20251573425

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 74/24 и 135/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА НАБАВКА НА МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ ОД РЕКОЛТА 2025 ГОДИНА ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Агенцијата за стоковни резерви да изврши набавка на 9.000.000 kg меркантилна пченица за стоковните резерви од реколта 2025 година, од регистрирани производители на земјоделски производи во Република Северна Македонија.

Член 2

Набавката на меркантилната пченица од член 1 од оваа одлука да се изврши по цена од 13 денари по килограм (без ДДВ) и да се испорача во силоси на складиштари на стоковни резерви кои ќе бидат дефинирани во јавен оглас за набавка на меркантилна пченица кој ќе го објави Агенцијата за стоковни резерви.

Плаќањето на меркантилната пченица од член 1 од оваа одлука да се изврши од сметката за редовно работење и од сметката за самофинансирачки активности на Агенцијата за стоковни резерви.

Член 3

Меркантилната пченица од член 1 од оваа одлука да биде со квалитет минимум II класа согласно Правилникот за минималните услови за квалитет, својства и класирање на житата и оризот (*).

Член 4

Набавката на меркантилната пченица од член 1 од оваа одлука ќе се врши од производители на земјоделски производи регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои се пријавиле на јавниот оглас од член 2 став 1 од оваа одлука. Количината која ќе може да се откупи од секој регистриран производител на земјоделски производи поединечно ќе биде од најмалку пет до најмногу 30 тона.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6945/7
22 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.